Поврзување на нашите заедници

Ажурирање на информации

# Што да правите ако ви го одвлечат возилото?

Вашето возило било одвлечено и запленето бидејќи било паркирано во зона од која се одвлекуваат возила (tow-away zone), па покрај надоместокот за ослободување на возилото, може да добиете и парична казна.

Зоните во кои е забрането запирање и паркирање (clearways) и зоните од кои се одвлекуваат возила (tow-away zones), помагаат сообраќајот да се одвива непречено и се намалува застојот во сообраќајот, така што се обезбедува да нема паркирани возила што ги блокираат улиците за време на сообраќајните „шпицови“.

## Постапка за прекршоци

1. **Возачите мора да го платат надоместокот за ослободување на возилото**

- За да се ослободи вашето возило, мора да покажете доказ за идентитет и да го платите надоместокот за ослободување на возилото.
- Ако сметате дека вашето возило не требало да биде одвлечено, можете да поднесете барање за преразгледување на случајот само откако сте го платиле надоместокот за ослободување на возилото.
- Можете да поднесете барање за преразгледување врз основа на исклучителни околности и ќе треба да дадете детали за времето, датумот и локацијата на одвлекувањето заедно со докази во прилог на барањето.
- Доказите за исклучителни околности може да вклучуваат извештаи, писма, изјави, поднесоци, официјални изјави (statutory declarations), полициски извештаи и безбедносни известувања за семејно насилство.
- За да дознаете повеќе, посетете ја интернет-страницата на VicRoads и пребарајте под „Зони од кои се одвлекуваат возила“ (tow away zones).
- За да побарате преразгледување на случајот, ве молиме пратете писмо на адреса: Clearway Towing Administrator, VicRoads, Locked Bag 9000, Kew Victoria 3101.
- Врз основа на информациите и документите во прилог на барањето што ќе ги дадете со вашата апликација, VicRoads ќе ги преразгледа околностите на одвлекувањето и ќе ве извести за исходот.

2. **Сопствениците на возило може да добијат парична казна за паркирање**

- Паркирањето во зоните со забрана за застанување и паркирање (clearways) и во зоните од кои се одвлекуваат возила (tow-away zones) во време во кое важат ограничувања претставува прекршок и регистрираните сопственици на возило може да добијат парична казна за паркирање за „запирање во зона во која е забрането запирање и паркирање“.
- Казната му се праќа на регистрираниот сопственик на возилото по пошта. Ако вие не сте регистрираниот сопственик на возилото, ве молиме да обезбедите дека ќе му ги дадете овие информации на регистрираниот сопственик на возилото.

3. **Како да ја платите казната**

- Ако сте добиле казна од Министерството за транспорт и сакате повеќе информации за постапката, посетете ја интернет-страницата на Министерството за транспорт и побарајте „парични казни за патишта со забрана за застанување и паркирање“ (clearways fine) или пратете е-пошта на адресата clearway.infringements@transport.vic.gov.au
- Ако примите казна од општините Јара, Стонингтон, Морленд, Даребин, Борундара, Порт Филип и/или Мелбурн, ќе треба да контактирате директно со соодветната општина.

## Толкувачка услуга

За да дознаете што треба да правите кога ви го одвлекле возилото, ве молиме јавете се на повеќејазичната линија за информации на VicRoads на (03) 9280 0783.

## Национална релејна служба

Ако сте глуви, лице со оштетен слух или говор, ве молиме јавете се на Националната релејна служба на 1300 555 727, а потоа побарајте го бројот 13 11 71.

STU_02919 02.21 Одобрено и објавено од VicRoads 60 Denmark Street Kew, Викторија 3101.